


# Документ за јавна политика

## Потреба, законски можности и ограничувања за отворање на програма за проверка / тестирање на психоактивни супстанции во Република Северна Македонија




Целта на овој документ е да даде преглед на актуелната состојба, на заложбите на надлежните институции и на добрите примери од другите земји на кој начин го воспоставиле системот за идентификување на новите психоактивни супстанции на пазарот и за намалување на штетните последици од нивната употреба, како и да ги утврди можностите за воспоставување на програма за проверка/тестирање на психоактивните супстанции во Северна Македонија.

Во Европа, и кај нас, сеприсутен е трендот на зголемена употреба на синтетичките супстанции, иако канабисот сè уште е најчесто употребувана супстанција.[1] И последното истражување на ХОПС потврди дека најупотребувани супстанции во текот на последниов месец се: канабис, 74 % од испитаниците рекле дека употребиле канабис во последниов месец, кокаин со 40 %, МДМА (екстази) 30 % и амфетамини во последниов месец употребиле 30 % од испитаниците.[2]

На пазарот постојано се појавуваат нови психоактивни супстанции, често погрешно означени, па луѓето кои ги употребуваат се несвесни за тоа што внесуваат и какви последици можат да имаат. Истражувањето од 2023 година потврдува дека во Северна Македонија можат да се набават нови психоактивни супстанции,[3] додека официјално единствено се достапни податоци за заплена на: канабис, хероин, кокаин, екстази и стебла канабис.[4] Дури 56 % од испитаниците биле сведоци на предозирање од употреба на психоактивни супстанции, а 26 % се изјасниле дека тие самите се предозирале, што зборува за ризично однесување на младата популација која употребува нелегални психоактивни супстанции.[5]

---

1 European drug report 2022. Достапно на: <https://www.emcdda.europa.eu/publications/edr/trends-developments/2022_en>.
2 Влатко Деков, Потребата за воведување на програми за проверка/тестирање на психоактивни супстанции во Република Северна Македонија од аспект на лицата кои употребуваат психоактивни супстанции, ХОПС, 2023.
3 Триесет и осум проценти од испитаниците рекле дека во Северна Македонија може да се набават нови психоактивни супстанции.
4 Министерство за внатрешни работи. Криминалитет за период од 2010 до 2022 година. Достапно на: <https://mvr.gov.mk/analiza/kriminal/31>.
5 Влатко Деков, Потребата за воведување на програми за проверка/тестирање на психоактивни супстанции во Република Северна Македонија од аспект на лицата кои употребуваат психоактивни супстанции, ХОПС, 2023.










Дел од испитаниците, 14,5 %, некогаш направиле проверка на супстанцијата за да видат што земаат, а 97 % сметаат дека вакви програми за тестирање/проверка на психоактивните супстанции треба да бидат отворени и во Северна Македонија.[6]
Несомнена е потребата од воведување на програма за тестирање/проверка на составот на психоактивните супстанции со цел намалување на смртните случаи и на здравствените ризици од нивната употреба.
Според Европскиот мониторинг центар за droги и зависност од дроги – ЕМЦДАА (EMCDDA), програмите кои нудат услуги за проверка/тестирање на психоактивните супстанции обезбедуваат информации за хемиската содржина на супстанцијата која ја поседуваат, како и советување или кратки интервенции на лицата кои употребуваат дроги.[7] Овие програми се засновани на принципот на намалување на штети и имаат цел да ја откријат содржината на супстанцијата и да ја вратат информацијата до крајниот корисник со намера да му се помогне да ја намали изложеноста на ризик без осуда за одлуката да употребува дрога.

# 1. Законска рамка за поседување и употреба на дроги

Покрај евидентното зголемување на употребата на дроги низ целиот свет, доминира традиционалниот пристап на забрана и на казнување на поседувањето и потребата на дроги. Силните напори на граѓанските организации и застапувањето за похумана политика за дроги која нема да ги крши човековите права на луѓето кои употребуваат дроги резултираше со измени во Кривичниот законик со кои јасно се утврди дека нема да се казни тој кој поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба,[8] додека сè уште е во сила одредбата со која се казнува употребата на дроги на јавно место.[9] Постои голема социјална дистанца од луѓето кои употребуваат дроги[10], што влијае на одржување на стигмата и осуда на употребата на дроги.

Министерството за здравство подолг период се обидува да го финализира текстот на новиот **Предлог-закон за контрола на дроги и психотропни супстанции** со кој, меѓу другото, треба да се воспостави систем за рано предупредување и брза размена на податоци меѓу институциите за производството, трговијата, употребата и ризиците од појава на нови психотропни супстанции и спречување на негативните ефекти по здравјето на луѓето преку брза размена на информации со надлежните институции на национално и европско ниво.[11] Стратегијата на ЕУ за дроги

[6] Влатко Деков, Потребата за воведување на програми за проверка/тестирање на психоактивни супстанции во Република Северна Македонија од аспект на лицата кои употребуваат психоактивни супстанции, ХОПС, 2023.
[7] <https://www.emcdda.europa.eu/spotlights/spotlight-drug-checking_en>.
[8] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 36/2023. Закон за измена и дополнување на Кривичен законик.
[9] Службен весник на Република Македонија бр. 31/2007. Закон за прекршоците против јавниот ред и мир, член 20.
[10] Македонски центар за меѓународна соработка. Толеранција и вредности на граѓаните, 2021. Достапно на: <https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2422-tolerancija-i-vrednosti-na-gragjanite.html>.
[11] Предлог-закон за контрола на дроги и психотропни супстанции, декември 2019.






(2021 – 2025) го поддржува воведувањето услуги за тестирање/проверка на дрога главно како механизам за поддршка за Системот за рано предупредување и како алатка за намалување на штети за намалување на смртните случаи поврзани со дрога и предозирање.[12]

## 2. Тестирање/проверка на психоактивни супстанции во други земји

По појавата на првиот систем за проверка на дроги во Европа, Системот за информации и следење на дроги (ДИМС [DIMS]), сместен во Институтот Тримбос во Холандија,[13] денес слични програми постојат во повеќе од 20 држави во светот. По примерот на Холандија, и други европски земји пристапија кон воспоставување на системи за тестирање/проверка на дроги. Така на пример, во Австрија од 1997 година со поддршка на локалната власт во Виена постои мобилна услуга (Чек ит [Check it]),[14] додека во Цирих, Швајцарија, слична таква мобилна услуга е воспоставена во 2001 година.[15] Во Шпанија функционира институција во која можат да се испратат примероци за тестирање, а истовремено и граѓанска организација обезбедува услуги за тестирање/проверка на психоактивни супстанции.[16] Во Франција примероци доброволно собрани од луѓето кои употребуваат/поседуваат психоактивни супстанции на која било локација се тестираат во форензичка лабораторија. Во Словенија, од 2006 година тестирањето се спроведува преку граѓанската организација Дрог арт (DrogArt) каде што има место за информации и корисниците на услугата можат да донесат свој примерок од супстанцијата и да побараат анализа.[17] Во поголемиот дел од овие земји каде што има можност за тестирање/проверка на психоактивните супстанции постојат и програми за проверка на супстанциите за време на музичките фестивали и во ноќните клубови.

Во земјите каде што постојат законски ограничувања за функционирање на услугите за тестирање на психоактивните супстанции се користат различни стратегии за надминување на бариерите. Една од стратегиите што се користи за ублажување на правните ризици за персоналот и за корисниците е програмата да се смести во веќе препознаени и поддржани програми, како на пример програмите за намалување на штети или центрите за јавно здравје (ДИМС [DIMS] – Холандија, СИНТЕС [SINTES] – Франција, Дрог арт [DrogArt] – Словенија итн.). Друг важен пристап е да се воведе програмата како пилот или научно-истражувачки проект имплементиран со доверливи владини партнери или универзитетски институции (ДИМС [DIMS] – Холандија, Баонпс [BAONPS] – Италија, Чек ит [Check it] – Австрија).

[12] EU Drug Strategy 2021-2025. Достапна на: <https://www.consilium.europa.eu/media/49194/eu-drugs-strategy-booklet.pdf>.
[13] Види повеќе на: <https://www.drugs-test.nl/en/about-dims/>.
[14] Види повеќе на: <https://checkit.wien/drug-checking/>.
[15] Види повеќе на: <https://www.cpzh.ch/en/angebote/chemsex-drug-checking/>.
[16] Види повеќе на: <https://energycontrol-international.org/drug-testing-service/>.
[17] Види повеќе на: <https://www.drogart.org/vsebine/1108/o-zdruzenju-drogart.html>.










# 3. Потенцијал и предизвик во домашното законодавство

Во домашното законодавство не постојат одредби со кои се забранува тестирање/проверка на психоактивни супстанции, ниту одредби кои јасно пропишуваат на кој начин може да се спроведе тестирањето, во какви услови, на колкава количина и слично. Тестовите кои се користат за анализа на психоактивни супстанции имаат ознака дека се медицински средства за чие производство или увоз во Северна Македонија потребно е да се добие дозвола од Агенцијата за лекови и медицински средства (во понатамошниот текст: Агенција). За добивање предлози во постапката за производство и ставање во промет на медицинско средство, во Агенцијата се формираат стручно-советодавни комисии кои даваат мислење.[18]

Агенцијата има овластено лабораторија за контрола на лекови при Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) во Скопје и Центарот за испитување и контрола на лекови при Фармацевтскиот факултет во Скопје, кој е член на официјалната европската мрежа за контрола на лабораториите.[19] Центарот за референтни лаборатории е посебна организациско-техничка единица во која можат граѓаните да добијат услуга за проверка на квалитетот и на составот на различни производи за одреден надоместок. Ваквата поставеност на референтните лаборатории во рамките на ИЈЗ можат да бидат место каде што потенцијалните корисници на психоактивни супстанции ќе можат да добијат информација за составот на психоактивната супстанција.

Во рамките на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ функционира Центар за природни производи што функционира како посебна единица на Фармацевтскиот факултет. Центарот врши научно-истражувачка дејност, едукативна дејност и апликативна дејност. Во рамките на апликативната дејност, на пример, граѓаните имаат можност, за одреден надоместок, да добијат информација за составот и за концентрацијата на масло од канабис набавено од нелегалниот пазар. Аналогно на ова, со пропишување на јасни процедури, на стандарди и на методи може да се развие услуга за анализа на составот на други психоактивни супстанции, особено што при Фармацевтскиот факултет функционираат и други центри, како на пример Центар за испитување и контрола на лекови, каде што потенцијално би можело да се развие проект за тестирање на нови психоактивни супстанции.

Во Европа, повеќето услуги за проверка/тестирање на психоактивните супстанции се воспоставени со цел намалување на штети од употреба на дроги, тие функционираат поединечно, а техниките за хемиска анализа на лекови кои се користат значително се разликуваат согласно опкружувањето во кое ќе се спроведува тестирањето. Достапноста на ваков вид услуга на музичките фестивали е од особена важност имајќи ја предвид фреквенцијата на потенцијалните корисници на психоактивни супстанции кои ќе имаат можност да ја проверат супстанцијата и/или да добијат повеќе информации за безбедна употреба.

---

[18] Исто, член 7.
[19] Види повеќе на: <https://shorturl.at/hijCU >.







Постоечките програми за намалување на штети се можност за граѓанските организации да развијат програми за проверка на психоактивните супстанции во рамките на нивните центри каде што доаѓаат луѓе кои употребуваат психоактивни супстанции, како и на терен, односно за време на музичките фестивали или ноќните журеви. Граѓанските организации веќе ја имаат стекнато довербата кај луѓето кои употребуваат психоактивни супстанции и полесно можат да развијат ваков вид програми и/или да ги приближат државните лаборатории до луѓето кои употребуваат психоактивни супстанции, како и за промоција на можностите на овие лаборатории за проверка/тестирање на психоактивните супстанции.

Усвојувањето на Предлог-законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции ќе ја даде основната рамка за воспоставување и обезбедување услуги за проверка на психоактивни супстанции и за спречување на негативните ефекти по здравјето на луѓето.

## Заклучоци и препораки

Очигледно е дека трендовите на употреба на психоактивни супстанции во Република Северна Македонија се менуваат. Ако порано заедно со канабисот една од најупотребуваната супстанција беше хероинот, сега тоа е кокаинот, а веднаш потоа следуваат МДМА (екстази) и амфетамините. Освен овие супстанции кои подолго време се присутни кај нас, сè почесто се среќаваат и нови психоактивни супстанции.

Недостатокот од постоење на програми за намалување на штети од употреба на синтетичките супстанции влијае на недоволната информираност за ризиците од нивната употреба. Па оттука значаен број на луѓе кои употребуваат супстанции се предозирале, а повеќе од половината (56 %) биле сведоци на предозирање од психоактивни супстанции. Ризичното однесување се гледа и во податокот дека дури 47 % од учесниците во истражувањето на ХОПС – Опции за здрав живот Скопје воопшто не се сигурни за чистотата на супстанцијата која ја употребуваат, додека 67 % од испитаниците рекле дека земале сусптанција за која не биле сигурни што е, односно за кој вид психоактивна супстанција станува збор.

За да се намали ризичното однесување и да се превенираат смртните случаи и другите здравствени последици од употребата на нелегалните психоактивни супстанции, потребно е што побрзо да се отвори програма за проверка/тестирање на психоактивните супстанции позната во светот како Drug checking. Добрите примери покажуваат дека граѓанските организации ја имаат довербата од заедницата, па преку научни и медицински програми можат да развијат услуга за проверка на психоактивните супстанции во рамките на нивните центри или за време на музичките фестивали или ноќните журки, што ќе обезбеди лесен пристап до заедницата и споделување информации за безбедна употреба на нови психоактивни супстанции.
Според луѓето кои употребуваат психоактивни супстанции во Северна Македонија, овие програми треба да ги спроведуваат здруженијата на граѓани кои веќе имаат програми за намалување на штети од употреба на дроги во соработка со Министерството за здравство.







Актуелната законска рамка не забранува, но и не нуди јасна можност за проверка/анализа на составот на супстанциите кои се употребуваат, а сè почесто се присутни на нелегалниот пазар на droги и психоактивни супстанции. Токму затоа воспоставувањето на услугите за проверка/тестирање наметнува потреба од конкретни измени во законската рамка, како и креирање на јасна и унифицирана пракса на надлежните институции на национално и локално ниво за да се обезбеди безбедно функционирање на програмата и да им се овозможи на луѓето кои употребуваат дроги да ја тестираат супстанцијата без да бидат кривично гонети.

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

ehra
eurasian harm reduction association

ROBERT CARR FUND
For civil society networks

**„Ставовите изразени во оваа публикација се само на авторите и не мора да ги одразуваат ставовите на Евроазиската асоцијација за намалување на штети и Фондацијата Роберт Кар".**